**Број 3 Година XV**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, февруари 2021**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за аплицирање на Општина Карпош преку Здружението „Милиеуконтакт Македонија“ на меѓународниот повик на Германското федерално министерство за животна средина (International Climate Initiative) со проектот „Соларна енергетска задруга во Република Северна Македонија“.**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за аплицирање на Општина Карпош преку Здружението „Милиеуконтакт Македонија“ на меѓународниот повик на Германското федерално министерство за животна средина (International Climate Initiative) со проектот „Соларна енергетска задруга во Република Северна Македонија“, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/1**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со Барање за соработка бр.09-756/1 од 01.02.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седницата одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за аплицирање на Општина Карпош преку Здружението „Милиеуконтакт Македонија“ на меѓународниот повик на Германското федерално министерство за животна средина (International Climate Initiative) со проектот „Соларна енергетска задруга во Република Северна Македонија“.**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност на Здружението „Милиеуконтакт Македонија“ во име на Општина Карпош да аплицира со проектот „Соларна енергетска задруга во Република Северна Македонија“, на меѓународниот повик на Германското федерално министерство за животна средина (International Climate Initiative).

**Член 2**

Со проектот дефиниран во член 1 од оваа одлука е планирана инсталација на сончева фотоволтаична електрана на кровот на општинското основно училиште „Братство“, со првична планирана моќност од 50kW.
Фотоволтаичната електрана ќе биде раководена од енергетска задруга „Братство“ која ќе биде првата соларна енергетска задруга формирана во Република Северна Македонија.

**Член 3**

Општина Карпош ќе учествува со 10% од вкупниот износ за набавка на фотоволтаичната електрана со финансиските средства во износ до 3.500 евра односно до 215.250,00 денари.

**Член 4**

Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да изготви писмо за поддршка на Здружението „Милиеуконтакт Македонија“, кое ќе биде составен дел на апликацијата по проектот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош‘‘.

**Број: 09-760/4**
**Датум: 08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2020 година, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/2**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 13, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во за 2020 година.

2. Со оглед на природата на предметниот Извештај, кој е документ со класифицирана содржина - ДОВЕРЛИВО, поточно не е јавен документ и истот е достапен исклучиво за Советот на Општина Карпош, нема да биде објавен во „Службен гласник на Општина Карпош“.

3. Примерок од заклучокот да се достави до Министерот за внатрешни работи, до народниот правобранител и до Полициската станица од општа надлежност Карпош.

4. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-760/5**
**Датум:08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/3**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 98 и член 99 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014) и член 154 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), а во врска со Одлуката за прифаќање иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош во делот „Партиципативно тело од областа на урбанизмот“ бр.09-494/6 од 29.01.2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2021), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

**Член 1**

Врз основа на Одлука за прифаќање Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Карпош во делот „Партиципативно тело од областа на урбанизмот“ бр.09-494/6 од 29.01.2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2021), се врши изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош во делот б) Партиципативно тело од областа на урбанизмот, на начин што се бришат член 35, член 36, член 37 и член 38 и на нивно место се запишуваат нови член 35, член 36, член 37 и член 38 со следната содржина:

***„б) Партиципативно тело од областа на урбанизмот***

**Член 35**

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, општините, општините во Град Скопје и Градот Скопје, задолжително формираат партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на партиципиентите од ставот (3) на овој член.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите,мислењата и потребите на граѓаните и правните лица,ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи,насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

**Член 36**

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, општината во Град Скопје и Град Скопје, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активности од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена долѓност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.

**Член 37**

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата за локална самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

**Член 38**

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа е ограничен.“

**Член 2**

Се овластува Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош, во врска со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, донесена на 53 седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 февруари 2021 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-760/6**
**Датум:08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/4**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 22193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на урбанистичкото планирање за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019), Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за урбанизам-Одделение за недвижен имот и постапка за експопријација на недвижности.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-760/7**
**Датум: 08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА

Во врска со донесената Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, а донесена од Советот на Општина Карпош под бр.09-493/4 од 29.01.2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3 од 30 јануари 2020 година), Ве известуваме дека согласно Табеларниот преглед на градежни парцели за отуѓување по пат на јавно наддавање за 2020 година (составен дел на програмата), предложени градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за 2019 година беа: ГП бр. 19.11 - ДУП локалитет Тафталиџе 1 за Градска четврт 3 09, (опфат помеѓу бул.„Партизански одреди“, ул.„Франклин Рузвелт“, бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов“ и бул.„8-ми Септември“) Општина Карпош – Скопје и ГП бр.1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8 и 1.9 - ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје.

Предложената градежна парцела: ГП бр.19.11 која се наоѓа во локалитет Тафталиџе 1, за истата се изврши Објава бр.03/2020 за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско наддавање во Општина Карпош-Скопје, а објавена во дневниот печат Вечер, Слободен печат и Коха од 25.12.2020 година и во Службен весник на Република Северна Македонија бр.311/2020 од 28.12.2020 година, и беше закажано јавно наддавање кое се спроведе на ден 27.01.2021 година во 10,00 часот по електронски пат на информацискиот систем поставен на веб-страницата www.gradezno-zemjiste.mk .

Согласно Записникот бр.11-373/26 од 27.01.2021 година од Аукцијата - Објава бр.03/2020 за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско наддавање, од спроведеното електронско јавно наддавање на ден 27.01.2021 година се констатира дека со статус на најповолен понудувач за ГП 19.11, дел од КП 6100/2, 6103/1 и 6097/4 КО Карпош со вкупна површина од 368м$^2$ во Општина Карпош, се стекна ДПТУГ ТОП БИЛД ДООЕЛ Скопје со највисоко постигната цена од 28.033,00 ден./м$^2$. Во тек е постапка по правни лекови.

Предложените градежни парцели: ГП бр.1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8 и 1.9 кои се наоѓаат во локалитет Касарна Илинден не беа предмет на јавно наддавање, од причини што за истите во тек

на 2020 година не беше извршена објава за јавно наддавање, па затоа предметните працели повторно се предложени во предлог програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2021 година.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2021 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2021 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/5**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 февруари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2021 година**

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Содржина на Програмата**

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
   - Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Детален, односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
     а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање
     б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
     в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање
     г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежно земјиште што е предмет на оваа Програма**
   - Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
   - Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
   - Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
   - Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегија

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

**7. Преодни и завршни одредби**

**Општ дел**

Со прогласување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-пректна документација, општ акт или проект за ифраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за ифраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен каракер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Репубика Македонија.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на населени места и локалитети, согласно динамиката на носење на нови урбанистички планови и измените и дополнувањата на укинатите урбанистички планови од Уставен суд на Република Северна Македонија.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19)
- Основни плански документи, други документи потребни за изрботка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
    - Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 година
    - Донесени детални урбанистички планови
    - Урбанистички планови за населени места
    - Урбанистички планови за вон населени места
    - Годишна Програма за изработка на урбанистички планови

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата
- Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:**

**1. Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, индетификувани со број на градежните парцели
- Детален преглед на градежни парцели (по населеното место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.

**б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежна парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);

- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**в.Градежни парцели што ќе бида предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање**
Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**
Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);

- Заинтересирано правно лице (компанија) и
- Предвидени услови за договор.

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели.
Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали.
Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата.
Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата.
Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата треба да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Градежните парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно-правните односи и друго.
- Пропишување на условите за наддавање - Се пропишуваат/определуваат следните параметри: банкарска гаранција за сериозност на понудата, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.
- Лица надлежни за реализацијата на Програмата: Горан Павлов, дипл. правник; Богданка Милошевиќ-Мучева, дипл. правник; Олга Цубалеска-Јаневска, диа и Зорица Спанцева, диа.

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за релизација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација и одземање на корисничко право;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**7. Преодни и завршни одредби**

Составен дел на оваа програма е Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за 2021 година.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

Оваа Програма е едногодишна и се донесува за 2021 година.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

| ред.бр. | Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тафталице 1 | 19.11 | 6100/2, 6103/1, 6097/4 | А1 | 368 | 154 | 617 | 42 | 1.68 | 10.20 | ДУП за Градска четврт З 09, (опфат помеѓу бул.„Партизански одреди“, ул.„Франклин Рузвелт“, бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и бул„8-ми Септември“), Општина Карпош-Скопје |

| ред.бр. | Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Касарна Илинден | 1.1 | 1568/27, 1568/32, 1568/9 | А2 | 3590 | 2074 | 10165 | 58 | 2.83 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Касарна Илинден** | **1.2** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **3073** | **1492** | **7310** | **49** | **2.38** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 3 | **Касарна Илинден** | **1.3** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **3338** | **1768** | **8665** | **53** | **2.60** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 4 | **Касарна Илинден** | **1.4** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **1751** | **662** | **3245** | **38** | **1.85** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 5 | **Касарна Илинден** | **1.5** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **2151** | **1054** | **5165** | **49** | **2.40** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 6 | **Касарна Илинден** | **1.6** | **1568/27, 1568/9, 1568/13** | **А2** | **1502** | **693** | **3396** | **46** | **2.26** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 7 | **Касарна Илинден** | **1.7** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **2297** | **995** | **4875** | **43** | **2.12** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 8 | **Касарна Илинден** | **1.8** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **2664** | **1181** | **5787** | **44** | **2.17** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9** | **Касарна Илинден** | **1.9** | **1568/27, 1568/9** | **А2** | **2880** | **1492** | **7310** | **52** | **2.54** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **10** | **Касарна Илинден** | **3.2** | **1568/18** | **А2** | **3639** | **2057** | **10078** | **57** | **2.77** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **11** | **Касарна Илинден** | **3.3** | **1568/18** | **А2** | **14463** | **10124** | **49608** | **70** | **3.43** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |

**Број: 09-760/8**
**Датум:08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата**
**за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/6**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година, бр 09-8209/46 од 28.12.2020, Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година, се врши измена на следниот начин:

- СЕ МЕНУВА **точка 5** од глава **II Проектни активности**
- По измените и дополнувањето **во точката II. точка 5** гласи

| | |
|---|---|
| **5.** | **Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“** |
| **Опис на активности:** | Општината во континуитет издава општинско информативно гласило-магазин (Ребрендиран „Карпош ИН) кое бесплатно се доставува во 20.000 примероци, преку урбаните и месните заедници до сите семејства во Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.<br>- Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Карпош да постигнеме и парципативност на граѓаните (посебно младата популација преку постигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата)<br>Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Позитивен одиум кај сите целни публики<br>✓ Поголема транспарентност за работата<br>✓ Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот имиџ<br>✓ Информираност и транспарентност за работењето |
| **Целна група:** | Сите граѓани, од училишна возраст до трето доба |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **2.000.000,00 денари**<br>Општина Карпош |

По измената на точка II. т. 5 од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година година вкупната **предвидена сума од 4.000.000,00 денари се намалува за 2.000.000,00 денари**. На тој начин, и во делот Вкупна предвидена финансиска рамка износот 6.855.000,00 денари се брише и на негово место се запишува 4.855.000,00 денари.

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 4.855.000,00 денари**

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **4.855.000 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**Број: 09-760/9**
**Датум: 08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година, бр 09-8209/46 од 28.12.2020, Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2021 година**
**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

**I. Развојни приоритети и цели**

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Карпош како општа јавност, и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, НВО-ата и останатите заинтересирани страни:

-Транспаретно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на Општината

- Подобрување на двонасочната комуникација преку сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација. За таа цел се неопходни неколку активности кои ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината.

-Вклучување на сегментираните и општатата јавност во решавањето на проблеми и креирање на политики преку воведување на онлајн апликации кои придонесуваат кон активно граѓанство

-Креирање на дата база која овозможува поставување на краткорочни и долгорочни комуникациски стратегии

1. -Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски и јазик различен од македонскиот и сл.)

1.[а] Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор дневен весник на македонски јазик.

1.[б] Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик различен од македонскиот.

2. -
Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат

3. -Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)

4- Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и Градоначалникот како институција

5.Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“

6. -Снимање на видео прилози

7. Дневно ажурирање на веб страницата на Општината

8. Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош

9. Сервисирање на видео и фотоопрема

| | |
|---|---|
| 10. | Одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн |

**II. Проектни активности**

**ТРАНСПАРЕНТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| **1.** | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи)согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска |

| | |
|---|---|
| | обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик, различен од македонскиот.<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Карпош, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Карпош, инвеститори, медиуми, ученици и спортисти |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **1.000.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - За огласување по сите основи |
| **1.[а]** | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик** |
| | |
| | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи)согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на |

| | |
|---|---|
| | секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик, различен од македонскиот.<br>✓ Според некои предметни закони огласувањето мора да оди **во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош.**<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Карпош, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **500.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - За огласување по сите основи |
| **1.б** | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик различен од македонскиот.** |

| | |
|---|---|
| | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи)согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е |

| | |
|---|---|
| | должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик, различен од македонскиот.<br>✓ Според некои предметни закони огласувањето мора да оди **во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош.**<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Карпош, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Карпош. |
| | **500.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| | - За огласување по сите основи |

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| **2.** | **Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во континуитет или периодично, Општината има потреба од тековно информирање, но и увид за присуството во медиумите (традиционални и нови) со огласување на своите активности |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Низ презентација на своите активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми, Општината ќе добие |

| | |
|---|---|
| | поголема видливост пред граѓаните.<br>✓ Ќе се зголеми позитивната перцепција за одредени настани кои се поважни за локалната власт<br>✓ Ќе го прошири достапот до поголема и поразноврсна публика по возраст, образование, по родова припадност и сл. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Зголемен отчетност на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките,<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи<br>✓ Двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите) |
| **Целна група:** | Медиуми,граѓани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **60.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | |

| **3.** | **-Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината има потреба од темелно и контролирано следење на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку некоја big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clippingot, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот<br>✓ Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови<br>✓ Добивање на реална слика и насочување на комуникациите кон највлијателните (opinion maker-i)креатори на мислење во јавноста |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | ✓ Брзо и правилно насочување на комуникациите<br>✓ Промени во комуникациите во „од“<br>✓ Подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност |
| **Целна група:** | Медиуми,граѓани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **300.000,00 денари**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | **-** |

| **4.** | **-Мерење и анализа на перцепцијата за работата на општината и градоначалникот како институција** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Општината периодично спроведува онлајн и офлајн анкети, поточно анкети за сондажа на мислење на граѓаните или други целни јавности, за работата на администрацијата, квалитетот на услугите, за плановите во сферата на урбанизмот, за квалитетот на образование, за животната средина. Понекогаш тие ги изработуваат остручени државни службеници од општинската администрација (ИТ експерти, ПР одделение или Секторот за развој).<br>-За постручни и подлабински анализи е потребно периодично ангажирање на специјализирани агенции за испитување на јавното мислење, преку теренски анкети, фокус групи, интервјуа и сл. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Целта е Општината да ги искористи сознанијата од анкетите за да го насочи или подобри работењето во одредени сегменти.<br>- Анкетите обезбедуваат реална слика и партиципативност на целните публики во креирање на плановите и стратегиите на локалната самоуправа<br>- Подобрување во сите сфери на работење |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Подобрување на општинските политики и нивно усогласување со граѓанските приоритети.<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во носењето одлуки преку граѓански форуми и сл.<br>✓ Пообјективни сознанија за задоволството на граѓаните од работата и услугите на општинската администрација |
| **Целна група:** | Граѓаните на Карпош, општата и сегемнтирана јавност |

| | |
|---|---|
| **Реализатор:** | Аутсорсинг компанија избрана на тендер |
| **Трошоци** | **300.000,00 денари** |

| **5.** | **Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината во континуитет издава општинско информативно гласило-магазин (Ребрендиран „Карпош ИН) кое бесплатно се доставува во 20.000 примероци, преку урбаните и месните заедници до сите семејства во Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.<br>- Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Карпош да постигнеме и парципативност на граѓаните (посебно младата популација преку постигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата)<br>Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Позитивен одиум кај сите целни публики<br>✓ Поголема транспарентност за работата<br>✓ Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот имиџ<br>✓ Информираност и транспарентност за работењето |
| **Целна група:** | Сите граѓани, од училишна возраст до трето доба |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **2.000.000,00 денари**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -Печатење на магазинот „Карпош ИН“ |

| **6.** | **-Снимање на видео прилози** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината „поседува“ тим од телевизиски новинари, камерман и монтажер кои активно ги следат сите настани во Општината. За таа цел изготвуваат видео прилози кои се |

| | |
|---|---|
| | ставаат на you tube каналот на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта од креирање на сопствени видео прилози е првенствебно информативна. Видео записите и општинскиот јутјуб канал од комуникациски аспект има посилна моќ и пристапност до публиката/граѓаните.<br>Поголемата гледаност и автентичен приказ од случувањата ја зголемува и афирмацијата на работата на локалната самоуправа. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат со нивните средства како алиментатори на општинскиот буџет. |
| **Целна група:** | Општата јавност и сите граѓани на Карпош, од сите возрасти. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | Нема дополнителни трошоци за Буџетот затоа што тимот е ангажиран со привремено вработување и се емитува на бесплатен канал |
| **Трошоци:** | **нема** |

## ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

| | |
|---|---|
| **7.** | **Дневно ажурирање на веб страницата на Општината** |
| **Опис на активности:** | Како еден од клучните комуникациски канали/медиум на Општината е веб порталот, односно интернетстраницата www.karpos.gov.mk<br>Таа , меѓудругото, функционира и како дневен портал, со постојано апдејтирање на најновите вести, настани и активности на локалбата сампуправа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Благовремено известување на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| **Реализатор:** | Одделението за односи со јавност во соработка со сите секторти и одделенија |
| **Предвидена финансиска рамка :** | **Нема** |

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| | |
|---|---|
| **8.** | **Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис |
| **Стратешки насоки и цели:** | Благовремено известување на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| **Реализатор:** | Специјализирана информативна агенција |
| **Предвидена финансиска рамка :** | **35.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **9.** | **Сервисирање на видео и фотоопрема** |
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, во месечниот магазин , како и до сите медиуми |
| **Стратешки насоки и цели:** | Побогато и илустративно информаирање на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| **Целна група:** | |
| **Реализатор:** | Општина Карпош-тим од Одделението за односи со јавност |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **130.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | Поправка на камера и фотоапарат |

| | |
|---|---|
| **10.** | **Одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн** |
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош потребно е да се обезбеди континуирана поддршка и одржување на на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн |
| **Стратешки насоки и цели:** | Стабилно илустративно информаирање на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| **Целна група:** | |

| | |
|---|---|
| **Реализатор:** | Аутсорсинг изведувач преку јавна набавка |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000,00 денари** |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 4.855.000 денари**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **4.855.000 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV. Завршни одредби**

Одделението за односи со јавност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата

може да биде дел од било кој сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-760/9**
**Датум: 08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Годишен извештај за водени управни постапки во Општина Карпош – Сектор инспекторат**
**за период од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год.**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за водени управни постапки во Општина Карпош – Сектор инспекторат за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/7**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на водење управни постапки за 2020 година, Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен извештај за водени управни постапки во**
**Општина Карпош – Сектор инспекторат**
**за период од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год.**

1. Се усвојува Извештајот за водени управни постапки во Општина Карпош-Сектор инспекторат за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 год.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за инпекторат.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-760/10**
**Датум: 08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

**За водени управни постапки во**
**Општина Карпош – Сектор инспекторат**
**за период од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год.**

1. **Годишен извештај за извршен инспекциски надзор – Овластен инспектор за животна средина**

Овластениот инспектор за животна средина контролира-

- Контрола на документацијата која ја поседува правниот субјект,
- Контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект,
- Утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за неопасен отпад во координација со акредитирана лабараторија за животна средина,
  Утврдување дали правниот субјект соглсно дејноста која ја врши подлежи на изработување на Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје,
- Мониторинг или следење на степенот на загаденоста на амбиенталниот воздух на територија на општина Карпош и превземање соодветни мерки,
- Врз основа на иницијатива или барање – пријава поднесена од државни органи,физички или правни лица, а каде се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата и сл. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабараторија за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото загадување на амбиенталниот воздух и во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење до овластениот инспектор за животна средина.
- Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на овластениот инспектор за животна средина на општина Карпош, е изработен согласно методологијата утврдена за изготвување на Годишната програма, со конкретно презентирани податоци.

**Т А Б Е Л А Р Е Н П Р Е Г Л Е Д**

**за извршен инспекциски надзор на <u>овластениот инспектор за животна средина</u> во општина Карпош за период од јануари до декември 2020 год.**

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници за извршен инспекциски надзор | 22 |
| 2. | Контролни надзори | 10 |
| 3. | Изготвени решенија | 11 |
| 4. | Записник за порамнување/платен налог | / |
| 5. | Барање од граѓани / одговори | 22 |

2. **Годишен извештај за извршен инспекциски надзор – <u>Овластен инспектор за домување за период од јануари до декември 2020 година</u>**

Општина Карпош за овој период , за работните активности за спроведување на Годишната програма во инспекцискиот надзорот за домување, има **овластено лице** кое ги извршуваше работите со примена на Закон за домување, почитувајќи ги пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи во согласност со истиот закон.

Овластениот инспектор за домување врши инспекциски надзор над:

- Станбени;
- станбено-деловни и
- деловно-станбени згради

Во Извештајот се содржани барањата од граѓаните доставени до Општина Карпош, кои се однесуваат од заедници на сопственици и од индивидуални лица (станари), а кои се однесуваат на проблематиката сврзана со функционирањето на Законот за домување.

| **Ред бр.** | **Изготвени управни акти** | | **Состојба за месеците јануари до Декември 2019год** | **Кумулатива состојба со 31.12.2019 год.** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Писмени барања /пријави од граѓани, од заедница на станари и институции | | 68 | 68 |
| 2. | Вкупен број на Записници од извршен инспекциски надзор | | 30 | 30 |

| Ред.бр. | Изготвени управни акти | Состојба за месеците јануари до Декември 2019год | Кумулатива состојба со 31.12.2019 год |
|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Вкупен број на Решенија | | 20 | 20 |
| 4. | Вкупен број на Заклучоци за дозвола на извршување | | / | / |
| 5. | Вкупен број на Заклучоци за прекинување на постапка | | 5 | 5 |
| 6. | Вкупен број на известувања | | 30 | 30 |
| 7. | Вкупен број на Задолжени барања | | 68 | 68 |
| 8. | Вкупен број на Платни налози | | 1 | 1 |
| | | | | |
| | | | | |

3. **Годишен извештај за извршен инспекциски надзор – Овластен градежен инспектор за период од јануари до декември 2020 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Записник од извршен инспекциски надзор | 31 | 31 |
| 2. | Решение за прекинување | 3 | 3 |
| 3. | Решение за отстранување | 24 | 24 |
| 4. | Заклучок за дозвола на извршување | 16 | 16 |
| 5. | Заклучок за прекинување на постапка | / | / |
| 6. | Вкупно извршени предмети | 5 | 5 |

4. **Годишен извештај за мандатни казни на комунални редари во Сектор**
5. **Инспекторат за период од јануари до декември 2019 година**

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници од извршена контрола при сторен прекршок | 63 |
| 2. | Изготвени мандатни казни | 63 |
| 4. | Донесени потврди за општокорисна работа | 17 |
| 5. | Платени мандатни казни | 21 |
| 7. | **ВКУПНО** | 63 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/8**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Записник за констатација бр.11-7491/2 од 22.12.2020 година и Извештај бр.11-205/1 од 14.01.2021 година, Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08.02.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување Извештај од Комисијата за спроведување и објавување оглас и доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување**

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за спроведување и објавување оглас и доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-760/11**
**Датум:08.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Број: 11-205/1
Датум:14.01.2021 година
Скопје

***ОПШТИНА КАРПОШ***
***КОМИСИЈА за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективно домување***

**Предмет** : **Извештај**

Во врска со ЈАВЕН ПОВИК за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска подршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош согласно Решение Бр. 11-7491/1 од 25.11.2020 година согласно член 10 од ПРАВИЛНИКОТ за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година Ви доставува ИЗВЕШТАЈ за својата работа.

На ден 22.12.2020 година во 10.00 часот Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош согласно правото и должноста ги провери податоците во Апликациите и изврши увид во соодветноста на доставената документација при што констатира:

-Пријавени апликанти на огласот- се вкупно на број 20(дваесет) , односно за поправка и санација на лифтови вкупно на број 12 (дванаесет) и за поправка и санација на оштетени кровни покривачи вкупно на број 8 (осум).

-По детално разгледување на секоја Апликација поединечно во прилог со потребните документи за аплицирање, комисијата утврди дека условите и критериумите кои се дефинирани со Правилникот за учество на јавниот повик ги исполнуваат вкупно 14 (четиринаесет) потенцијални корисници за финансиската подршка (субвенцинирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради.

Шест (6) потенцијални корисници се со некомплетна документација,спротивно на Правилникот за условите, критериумите,видот и начинот на финансиска подршка за поправка и санацијана постоечки лифови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година.

Истите по прием на известување – усно (телефонски) или писмено во рок од пет (5) работни дена ќе можат да извршат дополна или повлекување на документацијата.

- Листа на апликации:

| | Предмет | Датум/Прием |
|---|---|---|
| 1 | Бр.11-7686/1 | 02.12.2020 |
| 2 | Бр.11-7702/1 | 02.12.2020 |
| 3 | Бр.11-7703/1 | 02.12.2020 |
| 4 | Бр.11-7704/1 | 02.12.2020 |
| 5 | Бр.11-7766/1 | 04.12.2020 |
| 6 | Бр.11-7777/1 | 04.12.2020 |
| 7 | Бр.11-7778/1 | 04.12.2020 |
| 8 | Бр.11-7830/1 | 07.12.2020 |
| 9 | Бр.11-7831/1 | 07.12.2020 |
| 10 | Бр.11-7901/1 | 07.12.2020 |
| 11 | Бр.11-7902/1 | 07.12.2020 |
| 12 | Бр.11-7912/1 | 07.12.2020 |
| 13 | Бр.11-7930/1 | 09.12.2020 |
| 14 | Бр.11-7975/1 | 10.12.2020 |
| 15 | Бр.11-8058/1 | 11.12.2020 |
| 16 | Бр.11-8061/1 | 11.12.2020 |
| 17 | Бр.11-8062/1 | 11.12.2020 |
| 18 | Бр.11-8175/1 | 17.12.2020 |
| 19 | Бр.11-8202/1 | 18.12.2020 |
| 20 | Бр.11-8203/1 | 18.12.2020 |

На ден 25.12.2020 година во 10.00 часот Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош согласно правото и должноста, усно – телефонски ги извести апликантите кои не ја поминаа првата фаза и не се стекнаа со право на потенцијални корисници за финансиската подршка (субвенцинирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради, со указ дека можат да извршат дополна или повлекување на доставената документација.

Еден апликант изврши дополна бр.11-7766/2 од 30.12.2020 година на предмет бр.11-7766/1 од 04.12.2020 година со што го исполни условот за потенцијален корисник на субвенцијата односно се рангираше на ранг листата на потенцијални корисници под реден број 10.

Пет апликанти извршија повлекување на документација, бр.11-8061/1 од 28.12.2020 година, бр.11-8062/1 од 28.12.2020 година, бр.11-8175/1 од 30.12.2020 година, бр.11-8202/1 од 30.12.2020 година и бр.11-8203/1 од 30.12.2020 година.

РАНГ

ЛИСТА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ НА СУБВЕНЦИЈАТА

- За лифтови:

1. Заедница на сопственици, Бул.„Партизански Одреди“ бр.95 – Предмет заведен под број 11-7686/1 од 02.12.2020 година
2. Управител – Друштво за трговија и услуги ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ Скопје, ул.„Драгиша Мишовиќ“ бр.4 – Предмет заведен под број 11-7703/1/1 од 02.12.2020 година
3. Управител – Друштво за управување со станбени згради ХАБИДОМ, Бул.„Партизански Одреди“ бр.59/1 –Предмет заведен под број 11-7777/1 од 04.012.2020 година
4. Заедница на сопственици, Бул.„Партизански Одреди“ бр.151 Б3 – Предмет заведен под број 11-7831/1 од 07.12.2020 година
5. Управител – Друштво за трговија и услуги ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ Скопје, ул.„Никола Русински“ бр.10, влез 1 – Предмет заведен под број 11-7901/1 од 07.12.2020 година
6. Заедница на сопственици, ул.„Вич“ бр.28 – Предмет заведен под број 11-7912/1 од 07.12.2020 година
7. Заедница на сопственици, ул.„Вич“ бр.26 – Предмет заведен под број 11-7930/1 од 09.12.2020 година
8. Управител - Друштво за трговија и услуги ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ул.„Миле Поп Јорданов“ бр.72– Предмет заведен под број 11-7975/1 од 10.12.2020 година
9. Заедница на сопственици, ул.„Анкарска“ бр.31 – Предмет заведен под број 11-8058/1 од 11.12.2020 година
10. Заедница на сопственици, ул.„Никола Тесла“ бр.18 – Предмет заведен под број 11-7766/1 од 04.12.2020 година, Дополна бр. 11-7766/2 од 30.12.2020 година

- За кровови:

1. Управител – Друштво за трговија и услуги ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ Скопје, ул.„Никола Русински“ бр.12, влез 2 – Предмет заведен под број 11-7702/1 од 02.12.2020 година
2. Управител – Друштво за трговија и услуги ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ Скопје, ул.„Соле Стојчев“ бр.3, влез 2 – Предмет заведен под број 11-7704/1 од 02.12.2020 година
3. Управител – Друштво за трговија и услуги ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ Скопје, ул.„Никола Русински“ бр.8, влез 2 – Предмет заведен под број 11-7778/1 од 04.12.2020 година

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за отпис на основни средства на Општина Карпош по извршениот попис за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за отпис на основни средства на Општина Карпош по извршениот попис за 2020 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 8 февруари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1037/9**
**Датум: 09.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

